РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1358/2
12-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1358/1 од 01.03.2023 година, доставена од познат подносител со наводи за за мито и корупција против непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување и утврди дека во пријавата нема јасни и конкретни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лице при вршење на јавните овластувања и службената должност..

Предметот со број 12-1358/1 од 01.03.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 01.03.2023 година поднесена е пријава од познат подносител со укажување за постоење на мито и корупција на извршител од ---------------. Во пријавата подносителот наведува само една реченица која гласи:,,----------------------------------------------------------,, која не претставува основа со доволни конкретни податоци за надлежно постапување на ДКСК.

При разгледување на пријавата ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај поради тоа што нема јасни наводи со конретни податоци за вршење на незаконити дејствија од службени лица и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**По овластување на член,**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК